Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го објави Националниот извештај за Северна Македонија за 2025 година „ Матрица за мониторинг на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество
“. Наодите укажуваат на продолжен јаз меѓу законски загарантираните слободи и условите во кои граѓанските организации секојдневно работат. Намаленото финансирање, одложувањето на клучните реформи и недоследните јавни консултации ја ограничуваат способноста на секторот да обезбедува услуги, да ги застапува потребите на граѓаните и да придонесува кон отчетноста на институциите.



Намалена финансиска поддршка и губење кадар

Финансиската одржливост се издвојува како еден од најизразените предизвици во 2025 година. Вкупните средства доделени од централните и локалните власти во опфатот на истражувањето изнесуваат приближно 13,7 милиони евра, наспроти 14,8 милиони евра

во 2024 година. Умереното зголемување на централното финансирање не го надомести падот на општинската поддршка. Дополнително, 60% од анкетираните организации навеле дека не добиле никаква државна поддршка.

Достапното финансирање останува претежно проектно, додека институционалните грантови, кои овозможуваат покривање на основните трошоци и долгорочно планирање, се ретки. Поддршката главно била насочена кон социјалните услуги, културата и туризмот, без значително подобрување за организациите што работат на човекови права, борба против корупцијата, заштита на животната средина и економски развој. Распределбата и понатаму ја следат неусогласени постапки, ограничена транспарентност и недостиг од предвидливи, повеќегодишни механизми за финансирање.

Суспензијата и повлекувањето на финансирањето од УСАИД дополнително ја влошиле состојбата. Анализата на МЦМС укажува на откажана планирана помош за периодот 2025–2028 година од речиси 37 милиони американски долари, од кои околу 16,5 милиони биле наменети за граѓанските организации. Последиците вклучуваат прекинати програми, намален обем на активности, отпуштања и необновување договори со стручни лица.

Бројот на вработени во здруженијата и фондациите се намалил од 1.813 во 2024 година на 1.691 во 2025 година, односно за 6,7%. Повлекувањето на УСАИД е еден од факторите што придонеле за овој пад, но не и единствената причина. Губењето искусен кадар и институционално знаење создава последици што го надминуваат времетраењето на поединечните проекти.

Реформите не донесоа навремени практични подобрувања

Извештајот бележи незавршени процеси за унапредување на правната и финансиската рамка. Измените на Законот за здруженија и фондации не беа усвоени до крајот на 2025 година, а потребата од сеопфатна реформа на државното финансирање остана неодговорена. Недоволниот напредок во уредувањето на донациите и спонзорствата дополнително ги ограничува можностите за развој на домашната филантропија и за диверзификација на приходите на организациите.

Најавениот фонд за кофинансирање проекти поддржани од Европската Унија и од

други меѓународни донатори е препознаен како потенцијално корисен механизам. Сепак, тој адресира само еден дел од финансиските потреби на секторот. Останuваат потребни јасни правила за распределба на јавните средства, поголема отчетност и поддршка за основното работење на организациите.

Институционален дијалог со ограничено влијание врз одлучувањето

Реактивирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на 7 април 2025 година претставува позитивен чекор кон обновување на институционалниот дијалог. Усвојувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество за 2025–2028 година, исто така, обезбедува рамка за понатамошна соработка. Нејзината вредност, сепак, ќе зависи од доследното спроведување на предвидените мерки.

Наодите покажуваат дека формалните можности за учество не обезбедуваат секогаш суштинско влијание. Во 2025 година на ЕНЕР биле објавени само 25 од 67 предлог-закони за кои постоела обврска за јавни консултации, односно околу 37%. Заобиколувањето на консултациите и недоволните повратни информации за доставените предлози го ограничуваат придонесот на граѓанските организации во креирањето политики.

Проблеми се забележани и во пристапот до информации од јавен карактер. Меѓу анкетираните организации што го користеле овој механизам, 47,5% навеле дека добиените одговори не ги содржеле конкретните побарани информации. Нецелосните одговори ја отежнуваат истражувачката работа, следењето на јавните расходи и застапувањето засновано на докази.

Притисоци врз јавното дејствување

Иако основните слободи на здружување, изразување и мирно собирање останuваат законски загарантирани, извештајот документира правни притисоци, јавна дискредитација, онлајн закани и административни пречки. Посебно внимание е посветено на стратешките тужби против јавното учество (SLAPP) и на заканите со тужби, кои можат да ги обесхрабрат организациите, активистите и новинарите да отвораат прашања од јавен интерес. Дел од анкетираните организации пријавиле и самоцензура како последица на притисоците.

Наодите упатуваат на потреба од посилна заштита на јавното учество, навремено завршување на реформите и воспоставување потранспарентен и попредвидлив систем на државна поддршка. За организациите, овие промени се неопходни за задржување на кадарот, одржување на услугите и независно дејствување во интерес на граѓаните.

Извештајот е дел од регионалната иницијатива на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) кој преку заедничка методологија ги следи законодавството и практиката во три области: основните правни гаранции на слободите, финансиската одржливост и односите меѓу Владата и граѓанските организации. Годишното следење овозможува споредба на промените во земјата и на состојбите во Западен Балкан и Турција.

Публикацијата е подготвена со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Сида).